**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-3964/40
Датум: 21.12.2011 г.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 104 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ 35/08) и член 45 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултет за електротехника и информациски технологии во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 21.XII 2011 година донесе

# О Д Л У К А

за утврдување на студиска програма од трет циклус

I. Се утврдува предлогот на студиската програма од трет циклус на студии-докторски студии со назив ***Метрологија*** во рамките на Темпус IV програмата во состав на докторските студии на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје.

II. Елаборатот за студиската програма од точка 1 на оваа одлука се доставува на усвојување до Сенатот на Универзитетот *Кирил и Методиј* во Скопје.

III. По завршување на проектот, предметите од студиската програма Метрологија стануваат составен дел на единствената студиска програма *електротехника и информациски технологии*.

IV. Одлуката да се достави до: Универзитетот, ННС, продеканите, проф. д-р Љ. Арсов, секретарот, општата служба, web страницата на ФЕИТ и архивата на ФЕИТ.

Декан
Проф. д-р Миле Станковски